РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 08-1790/47
07.11 2016 год.
КОЧАНИ

Врз основа на чл.5, а во врска со чл. 9 став 7 и 8 од Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани (бр.01-2503/1 од 02.10.2012 год., бр.08-2548/1 од 12.11.2013 год., бр.08-1910/1 од 17.09.2014 год., бр.08-1795/1 од 30.09.2016 год. и бр.08-1795/2 од 07.11.2016 год.), член 30 став (1) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015) и согласно Одлука бр.08-1790/46 од 7.11.2016 год, Градоначалникот на општина Кочани донесе:

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за доделување на 26 стипендии на студенти од општина Кочани за студиската 2016/2017 година**

1. Во насловот на Одлуката за доделување на 26 стипендии на студенти од општина Кочани за студиската 2016/2017 година бр.08-1790/43 од 28.10.2016 година **бројот „26“ се заменува со бројот „30“**

2. Во точката 1 од Одлуката за доделување на 26 стипендии на студенти од општина Кочани за студиската 2016/2017 година бр.08-1790/43 од 28.10.2016 година во реченицата: „За студиската 2016/2017 година се доделуваат вкупно 26 стипендии на следните студенти“ **бројот „26“ се заменува со бројот „30“, а табеларниот преглед кој завршува со реден број 26 се дополнува со редни броеви 27, 28, 29 и 30 и тоа** со податоци за следните студенти, чиј пријави се оценети како прифатливи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 27 | Иван Сашко Коцев | Правен факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Скопје | **60** |
| 28 | Тоше Мирослав Јанев | Факултет за медицински науки при Универзитет Гоце Делчев Штип | **56** |
| 29 | Весна Ванчо Јорданова | Филолошки факултет Блаже Конески Скопје за информатика при Универзитет Св.Кирил и Методиј Скопје, студиска програма германски јазик и книжевност | **56** |
| 30 | Елена Блаже Тасева | Економски факултет при Универзитет Св.Кирил и Методиј Скопје | **55** |

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Против одлуката на Градоначалникот може да се поднесе приговор во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на Одлуката. Приговорот се поднесува до Градоначалникот на Општина Кочани.

Градоначалник
на Општина Кочани
Ратко Димитровски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ

Изготвил: А.К.